**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Четириесет и четвртата седница на Собранието на**
**Република Македонија,**
**одржана на 10 мај 2000 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала I, со почеток во 11,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека од пријавените со внесени картички исполнети се условите за одржување на седницата.

Дами и господа пратеници, ја отворам Четириесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благој Ханџиски и Нано Ружин ме известија дека од оправдани причини не се во состојба и можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме точниот број на присутните пратеници во салата.

Без оглед иако во салата се пријавени 65, но физички се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието може да продолжи со работа.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија г. Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија, согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за слободни економски зони, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

Присутни во салата има 64 пратеници од кои 54 гласале за, воздржан 1 и 2 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за разрешување и избор на претседател и членови на Советот на научно - културните средби "10 дена Крушевска Република".

Предлогот на Одлуката ви е поделен.

Ве молам да гласаме.

Присутни 63 пратеници, вкупно гласале 54 од кои 51 за, 3 воздржани, против нема.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на Закон за семенски материјал, саден материјал и материјал за размножување, признавање, одобрување и заштита на сорта;
2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за слободни економски зони, со Предлог на закон;
3. Предлог за донесување на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Банката за развој при Советот на Европа по договорот за заем по "Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лицата со ниски приходи", со Предлог на закон;
4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата, со Предлог на закон;
5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа, со Предлог на закон;
6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за прекинување на бременоста, со Предлог на закон.
7. Предлог на одлука за разрешување и избор на претседател и членови на Советот научно - културните средби "10 дена Крушевска Република".

Дали има предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Прв за збор се јави пратеникот Мевљан Тахири.

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници.

Јас доставив едно барање за проширување на дневниот ред на

денешната седница со усвојување на една Предлог - декларација во знак на поддршка на барањето на родителите и учениците од битолско, за остварување на нивното право за учење на нивниот мајчин јазик.

Не знам од кои причини не е доставена декларацијата до нас пратениците за да можеме да се изјасниме по истата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да ви соопштам дека до овој момент таков акт до нас не е стигнат.

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

Во тој случај јас предлагам да се стави како последна точка на дневниот ред усвојување на една таква декларација, а истата службата да ја подели до пратениците, за да имаат можност благовремено да бидат запознаени со истата и да се произнесат по неа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Мевљан ова ќе го ставиме на наредната седница на дневен ред и ќе биде разгледана како редовна точка.

Вие предлагате да се стави на оваа седница?

Тогаш господа предлогот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Од вкупно присутни 65 пратеници, гласале 58, од кои 10 за, 44 против и 4 воздржани.

(Негодување од страна на пратениците, кои ја предлагаат точката).

Господа, јас гледам што има присутно на екранот.

Толку колеги се пријавени, гласале 58 од кои 10 за, 4 воздржани и 44 против.

Констатирам дека предлогот не е прифатен. (Негодување).

Еднаш ќе сфатиме кога ќе ја водам седницата ќе го применуваме Уставот на Република Македонија.

Во него стои од присутни, а не колку гласале.

Повелете за збор се јави г. Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

Јас предлагам на оваа седница да се дополни со посебна точка на дневниот ред, да се изгласа заклучок, со кој Владата ќе се заложи да изготви информација за штетите што настануваат во градежништвото со последното поскапување на дериватите од синојка што е предизвикано.

Дозволете да ги искажам моите аргументи за овој предлог. Знаеме дека од синојка Владата ја покачи повторно цената на нафтените деривати за 1,5 денари по литар и тоа многу негативно се одразува во одредени сегменти од стопанството, кое е затекнато на пазарот со од порано заклучени договори. Како најеклатантен пример би го спомнал примерот на градежништвото на еден конкретен случај на изградбата на автопатот Тетово - Скопје. Имено, за што се работи?

Работата физички им е поделена на 4 најголеми градежни претпријатија во Македонија, со вкупен број на вработени од преку 12.000 работници. Тоа се "Пелагонија", "Маврово", "Бетон" и "Гранит".

Последното покачување на нафтените деривати, барем од првобитните информации кои успеавме утринава да ги добиеме, кое е направено на вчерашната седница на Владата, се оправдува со порастот на курсот на доларот на светската берза. Поради тој пораст на курсот на доларот и поради штетите што би настанале во набавната цена за Рафинеријата "ОКТА" и рафинериската цена за да не се трпи таа штета во Рафинеријата "ОКТА" прибегнато е кон зголемување на цената на дериватите и пеглање на тие штети што ќе настанат кај ОКТА од страна на целокупното останато стопанство и население во Република Македонија.

Овие четири градежни фирми во периодот од април - мај 1999 година кога цената на дизел горивото кое го користат во градежната механизација било 21,50 денари по литар трошеле дневно по 300.000 литри или изразено во денари 6.450.000 денари или во германски марки по тогашниот курс на марката од 31 денар по марка 208.064 ДМ.

Со денешното покачување на цената на овие деривати истите фирми за исти количини потрошени горива во градежната механизација би потрошиле 10.800.000 денари или претворено во ДМ, бидејќи курсот е ист како и минатата година би потрошиле 348,300 ДМ.

Само со еден акт на Владата, дневната загуба во овие 4 претпријатија само на еден сегмент од нивното работење изнесува преку 140.000 ДМ или пресметано со просечен број на 28 работни денови во месецот, таа штета на месечно ниво би била 3.648.000 ДМ или на годишно ниво 43.780.000 ДМ, што мислам дека не се суми

за потценување, бидејќи (општа галама во салата) ве молам ако сакате да создадете ред во Собранието за да можам да се доискажам.

Значи, се работи за една импозантна бројка, која како загуба се книжи на сметките на овие градежни претпријатија и тоа само за еден мал сегмент од нивното севкупно работење. Бидејќи истите градежни фирми договорите за изградба на автопатот Скопје - Тетово ги имаат потпишано во ДМ и ги трпат исто така штетите од разликата во интервалутарниот курс на ДМ и УСА доларот, кој неочекувано отиде многу на светската берза, во таа информација да се вметне што Владата ќе преземе за да ги санира овие штети кај градежните фирми, имајќи предвид скоро да нема човек во истите што укажува на фактот дека, тоа е првиот сегмент што губат во ценовна разлика. Исто така се прават големи загуби во делот што се нарекува потрошувачка на горивото, кое од денот кога грчката фирма ја купи ОКТА оваа потрошувачка е зголемена во просек за 30% поради слабиот квалитет на горивото што се произведува таму, а од друга страна сите се жалат на една катастрофална ситуација во нивниот возен парк, бидејќи поради истиот не квалитет на дизел горивото 50% од возниот парк е уништен со цркнување на бош пумпите и слични кварови, што ги доживуваат на градежната механизација. Ако сите тие штети се пресметаат кај 4 градежни фирми настанува една слободна проценка дека, тие штети би изнесувале преку 150.000.000 ДМ на годишно ниво, што не е за запоставување во цифра, бидејќи се работи за фирми кои вработуваат преку 12.000 луѓе и кои по просекот на примања се на работ на егзистенција.

Од тие причини Владата треба во таа информација да ги земе предвид овие укажувања и да покаже доблест на некој начин ги санира штетите кај овие претпријатија, кои настанале исто така предизвикани од интервалутарниот курс помеѓу ДМ и УСА доларот, кој беше основна причина за последното покачување на цената на дериватите.

Барам таа информација Владата да ја поднесе на наредната седница. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Илоски зборувате за штета. Правило е штетата да настане па да се даде заклучок или информација.

Дали сакате да ја задолжите Владата со претпоставена штета да ви достави информација или со реална штета. Да бидеме на чисто. Ако е со реална штета да сочекаме да настане, ако е претпоставена, дали Собранието треба да ги решава претпоставките.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Господине потпретседателе, често пати Вие се ставате во улога на министер овде, а не сте министер. На моето укажување и барање информација Вие по Деловникот требаше да побарате да се изјасни Владата дали за наредната седница е подготвена, врз основа на овие параметри, да изготви информација или не е подготвена.

Инаку, ако ги претпоставуваме штетите ви гарантирам дека со оваа политика што ја води Владата околу цената на нафтените деривати, штетата сигурно ќе биде поголема од оваа што ја кажувам. Во секој случај се покажува тренд на нагорно движење на цената на дериватите. Вие треба овде да ја запазувате процедурата и да го повикате претставникот на Владата да каже дали Владата е подготвена на овие укажувања да даде информација до следната седница или не. Нема да се убедуваме. Сепак, Вие денеска сте прв меѓу еднаквите и не можете во име на Владата да одговарате.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Илоски не сакам повеќе да полемизирам. Ако беше ваше пратеничко прашање тоа ќе беше веднаш упатено до Владата да ви одговори. Вие барате информација и ние како Собрание треба да ја задолжиме Владата и додека не разрешиме дали ќе имаме такво разрешување Владата да одговори или не, тогаш ќе го поставите прашањето. Така е по Деловникот.

Дали има друг по ова прашање. Јас реков што е. Ако одлучиме ние како Собрание да донесеме одлука дали ќе бараме да има штета или има штета. Ако е прашањето дали има штета до Владата ќе го доставиме како прашање, а не како заклучок на Собранието. Тука се два института, да се разбереме.

Едниот е пратеничко прашање, а другото е извештај.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Ви се молам, Вие со ова последно ваше укажување ја прејудицирате одлуката на Собранието, бидејќи битно влијаете врз вашата пратеничка група, која има мнозинство во Парламентот. Ако Вие го прашате претставникот на Владата и тој се изјаснеше позитивно, немаше што да

расправа Парламентот. Јас ќе кажев дека сум задоволен од одговорот и на следната седница ќе ја чекав информацијата.

Меѓутоа, за жал, Вие често пати се поставувате во улога на бранител на Владата, што не треба да го правите дури ни по Уставот. Јас не ја напаѓам Владата, туку се работи за круцијален проблем кој треба да го поставиме овде и ако може на некој начин да се разреши. Јас знам ако го поставите на гласање, вашата пратеничка група ќе се изјасни негативно по предлогот, што значи на претставникот на Владата нема да му се дозволи ниту да се изјасни дали може или не може да даде информација.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали сакате информација или прашање.

Ако е прашање директно, ако е информација ќе одлучиме ние...

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Јас пет пати реков барам информација на наредната седница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

... дали ќе треба да ви се достави на Собранието. Собранието одлучува. Вие барате Собранието да донесе одлука да ја задолжи Владата. Разбирате ли што е работата. Имаме два института прашање и одлука Собранието да донесе. Ние решаваме без Влада овде. Вие му се обраќате на Собранието, а не на Владата.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Ве молам немојте да го кршите Деловникот. Немојте после две години работа во овој Парламент, со востановена пракса да го кршите Правилникот и таа пракса, да не го запрашате претставникот на Владата дали е подготвен до наредната седница да достави информација.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Илоски дали барате информација или прашање.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Пет пати реков дека барам информација.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако барате информација треба Собранието да одлучи.

Затоа Собранието треба да ја задолжи Владата.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Не е точно.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ама, зошто да го прашувам?

Дозволете, ние треба да го задолжиме, ме разбирате ли?

И, една работа, не се повикувајте повеќе на практика.

Повикувајте се на Деловникот.

Имате два института, прашање и одлука на Собрание.

(Пратениците бараат да се почитува Деловникот).

Господинот Мевљан Таири бара процедурално.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Не по однос на прашањето околу поднесување на информацијата, туку по однос на моето барање за ставање на дневен ред на декларацијата....

(Реакции во салата).

Да, да, да, смирете се малку, слушнете што ќе кажам, па изјаснете се пак.

Не би сакал да констатирам дека изјаснувањето против ставањето на дневен ред на една таква декларација и изјаснување против таа декларација, затоа што, навистина, ако така мисли Собранието и Вие пратеници, се работи за еден опасен преседан, Собранието да застане зад оние кои пројавуваат не толеранција, нетрпеливост кон барањето на децата и нивните родители да им се овозможи загарантирано уставно и законско право да учат на нивниот мајчин јазик.

Намерата на поднесувањето на таа декларација е едноставно да се покаже дека пратениците од ова Собрание и политичките партии кои се претставени во ова Собрание, не стојат зад тој излив на нетрпеливост што имавме можност да бидеме сведоци последниве денови.

Јас прифаќам, евентуално, во недостиг на поднесената Декларација до вас, да не може да се изјасните по истата и процедурално би можел да прифатам на наредната седница да се стави на дневен ред, но доколку навистина Собранието е против таков еден начин на изјаснување за одредени појави во државата, тогаш ќе биде жалосно и опасно по државата. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не сакам да се расправаме господине Мевљан.

Вие, за желба на вистината, вашето барање во ова Собрание е поднесено во 11,50 часот. Ние веќе сме одлучиле за тоа, кога вие сте го поднеле ова. Мислев дека е стигнато многу порано.

(Пратеникот Мевљан Таири реагира од место со зборовите дека материјалот е доставен уште во 10,30 часот).

Тоа значи дека е стигнато многу подоцна. Така пишува овде.

Ве молам, постои едно спорно прашање овде, господин Илија Иловски бара од Владата информација.

По мое сфаќање, ако е пратеничко прашање да одговори. Ако не, Собранието да се произнесе дали Владата да ја задолжиме да достави информација?

(Повеќе пратеници бараат збор процедурално).

Процедурално збор има господинот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседател, треба да го протолкуваме Деловникот и согласно Деловникот да работиме.

Имате најлегално и најлегитимно барање за дополнување на дневниот ред со информација.

Согласно Деловникот, Вие треба да предложите на Собранието дали прифаќа да се дополни дневниот ред или не прифаќа. Пратениците, за да би можеле да се изјаснат, согласно Деловникот, како да се изјаснуваат, Вие, согласно Деловникот, по секое барање што е доставено до Парламентот, треба да го повикате претставникот на Владата дали е во можност да се изработи информација, не е во можност, дали е во можност за оваа седница или за наредните седници. Потоа, по изјаснувањето на претставникот на Владата, барателот и предлагачот ќе се изјасни и ќе го надминеме тој дел. Така би требало, во тој дел и деловнички.

Во никој случај, во никој случај Вие не би требало да дозволите расправа по тоа прашање, бидејќи не се води расправа по барање за дополнување на дневниот ред.

Деловникот можете да го читате колку сакате, пратениците треба да ги добијат како претходни информации, за секое прашање претставникот да даде дали е пратеничко прашање или е информација. Пратеникот бара информација. А, институтот пратеничко прашање што ние го имаме запоставено, тоа е друго. Вие сакате да укажете дека ова е пратеничко прашање, па да го отфрлите.

Се работи за легално и легитимно барање на информација. По тој редослед, без расправа би можеле да дојдеме до нај кратко, нај едноставно и нај ефикасно работење на Парламентот. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам господине Гештаковски.

Има збор господинот пратеник Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине потпретседателе, мислам дека влегуваме во еден опасен преседан во начинот на водење на седниците и ве молам, да престанеме со кршење на Деловникот.

По ова ваше толкување, всушност испаѓа дека Собранието треба претходно да се изјаснува за секое прашање за да може пратеник да му постави прашање односно да бара информација од Владата. Во тој случај опозицијата никогаш нема да постави барање за информација до Владата.

Процедурално е во ред и деловнички така уредено да пратеникот бара информација од Владата. Претставникот на Владата да се изјаснува.

Доколку претставникот на Владата не прифаќа Владата да изготви информација, во тој случај се изјаснува Собранието.

И вие, овој редослед треба да го почитувате и на тој начин да постапувате.

Затоа, имам конкретен предлог да не продолжите понатаму вака да ги одбивате предлозите на пратениците, туку да ја отворите седницата и согласно Деловникот, да се води.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви благодарам.

Дали ќе се согласиме во едно дека дневниот ред.....

(Реакции во салата, пратеници бараат збор процедурално).

Дозволете, момент, дали ќе се согласиме....

(Пратеници инсистираат да добијат збор процедурално).

Господа, колегите кои е јавиле за процедуралниот дел, дали во Собранието некој има поинакво мислење оти дневниот ред не го утврдува Собранието?

Ако имаме такво уверување, да била таква практиката, Собранието да не го утврдува дневниот ред, тогаш да прифатиме практика што била.

Овде е прашањето јасно. Бараме Собранието да ја задолжи Владата да изготви информација.

Значи, предлогот е до Собранието, а не до Владата.

Тој предлог го ставам на гласање, дали да ја задолжиме Владата да изготви информација или не.

(Бурни реакции во салата).

Што да викаме друго.

(Бурни реакции во салата).

Дозволете една работа.

Ние нема да претпоставуваме ако некого задолжуваме.

Нема никој. (Реакции во салата).

Пратеникот Сејфедин Харуни бара процедурално.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине потпретседателе, не не мачите.

Вие не сте способни да водите седница. Од 11,00 часот, сега е 12,20 часот, пратениците од ВМРО-ДПМНЕ на која партија Вие припаѓате, тие тоа го знаат. Го знаат, меѓутоа молчат. А, уште по наивни би биле и ние дека тие не се уверени дека Вие не сте способни да водите седница.

Ако сакаме да имаме успешна седница, ние ќе мораме да бараме пауза, се додека не дојде некој друг да ја води седницата.

Вие не сте способни. Толку.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам. Да ја покажам способноста, господо, предлогот на пратеникот Илија Илоски го ставам на гласање.

Дали Владата да ја задолжиме да изготви извештај.

Молам да гласаме.

(Пратениците од СДСМ и ПДП бараат збор процедурално).

На што луѓе, за гласање процедурално?

Ве молам да гласаме.

(Бурни реакции во салата).

Дозволете една работа.

И сега, многу паметни се и силни почитувачи на Уставот, присутни се, извадиле картички од системот и што направиле, не гласале.

Уставот говори, од присутните на седница на Собранието, а не од оние кои гласале.

Констатирам дека предлогот не е прифатен.

(Пратениците Абдулади Вејсели и Радмила Шеќеринска бараат збор процедурално).

После гласањето немате што да правите.

(Пратеници бараат збор процедурално).

Јавете се, јас не знам дали барате збор процедурално или за нова работа, дали се јавувате за дискусија. Немаме двоен екран.

Процедурално збор побараа пратеникот Радмила Шеќеринска и Илија Илоски.

Пратеникот Илија Илоски има збор процедурално.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Господине потпретседателе, ве молам, прекинете ја оваа лакрдија. Влегуваме од една во друга грешка, од едно кршење на Деловникот во друго кршење на Деловникот.

Наше е исто и законско и деловничко право да ги извадиме картиците, да не бидеме присутни во салава или да излеземе надвор и да не можете да го изгласате.

Не можете Вие со 36 присутни да прогласите дека заклучокот е усвоен, дека нема да се дава информација.

Второ, имаме информација овде дека денеска нас не следат студенти од Правниот факултет. Што тие ќе мислат? Што тие ќе учат на Факултетот?

Значи, од сега сите теории на правото во Република Македонија треба да се пишуваат законите се такви и такви, освен ако не сака поинаку пратеникот Томислав Стојановски.

Па, ви се молам, каде се наоѓаме ние, во која држава живееме? Зошто ни ги одземате елементарните права како опозиција да поставиме одредено прашање?

И, мислите ли, воопшто, ако го избегнете одговорот на ова прашање, дека стварноста во Република Македонија поинаква ќе стане од утре, а?

И, доста градите виртуелна стварност во Република Македонија.

Дајте, овде да седнеме како пратеници, имаат право да одлучуваат во ова Собрание. Ви се смеат вашите, од вашата парламентарна група, што правите. Едноставно, покажувате со сила на тупаница, со исклучување на микрофони, помина предлогот - здраво, догледање. Па ние сме живи луѓе овде, не сме картици.

Ве молам, запрашајте го претставникот на Владата. Нормално, ако тој каже дека не може на оваа седница или на следната, парламентарното мнозинство,

поддржувајќи ја Владата, ќе каже за следната седница.

Не сум јас луд што го барам ова!

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, да направиме едно читање, затоа што рековте дека имаме студенти, да ги учиме на право и на Устав.

"Собрание може да работи ако на седницата присуствува мнозинство од вкупниот број на пратеници.

Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, а не од оние што гласале.......... (Ре

Дозволете ....."а најмалку со 1/3 од вкупниот број пратеници",

(бурни реакции во салата)

дозволете до крај, дозволете...."да гласаат најмалку за тој предлог од присутните". Да гласаат за........ (Бурни реакции во салата).

Може ли да ја замолам Шеќеринска, кога ќе дојде сега, да го прочита член 69 од Уставот? Ако друго не, барем тоа знае.

(Пратеници бараат збор процедурално, придружено со бурни реакции во салата).

Ве молам, Шеќеринска има збор процедурално.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Господине потпретседателе, бидете убедени дека ако опозицијата нешто сака за политички маркетинг, тоа е Вие да продолжите да ја водите седницата и да покажете колку не сте способен тоа да го правите. Така што, ако сме заинтересирани исклучиво за политички маркетинг, навистина ќе ви дадеме поддршка во тоа да покажете колку не го знаете ниту Деловникот, ниту Уставот или не сакате да ги почитувате и читате.

Покажавте овде дека, кога ви одговара или кога мислите дека ви одговара, а и вториот пат бевте во грешка дека знаете да го читате Деловникот. Претходниот пат кога требаше да го прочитате, па дури и на глас Деловникот, тоа не го направивте. Покажувате едно врвно, врвно непознавање, одбивање на правилата и на Деловникот и на Уставот, покажувате елементарно, елементарно одбивање да работи овој Парламент. Не знам дали понекогаш се запрашувате зошто секогаш кога водите седница се случува ваква ситуација? Дали сметате дека е тоа добро за вашата партија, дали сметате дека е тоа добро за парламентарното мнозинство, дали на крајот на краиштата, но најважно, сметате дека е тоа добро за Собранието на РМ?

Нам ни е сосема јасно дека во ситуација кога ја водите седницата и кога гледате дека немате претставник на Владата и дека единствени присутни се на ниво заменици министри, не ви останува ништо друго освен да одбивате секоја шанса Владата да даде одговор како што треба да даде. Па, си ја земате слободата и дозволата Вие да толкувате, Вие да анализирате, Вие да коментирате.

Меѓутоа, морам да ви го кажам, во име на пратеничката група следното.

Доколку продолжите вака да ја водите седницата, што значи не почитувајќи ја процедурата, не почитувајќи ги ни бројките, заради тоа што и бројката од самиот почеток ви ја проблематизиравме, од 38 кои гласале, дури не може да влезе ни во вашето толкување на она што го прочитавте, а тоа е дека немате ниту 40 односно 41 глас, ниту за, ниту против и воздржани се заедно.

Значи, ако продолжите сето ова да го правите, тогаш ќе бидеме принудени како пратеничка група, навистина, да го откажеме нашето присуство и нашата поддршка кон она во што го претворате овој Парламент. Тогаш нема да имате ни еден ни друг, ни трет кворум. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, се заблагодарувам што госпоѓица Шеќеринска тврди оти ништо не знам. Во тоа сум уверен јас. Само таа не знае дека и таа тоа не го знае. Јас не знам ништо, но и таа не знае и тоа дека не знае. Тоа е едниот дел. (Реакции во салата).

Вториот дел, господо, не се повикувајте на практика. Читајте го Уставот. Ако ви дозволува да добиете така, јас ќе почитувам.

Дозволете, најмалку треба да гласаат 40 пратеници за да се смета предлогот прифатен. Меѓутоа, од вкупно гласачи, па немате 40 луѓе.

(Пратеникот Шеќеринска реагира од место со зборовите - Па, немате ни Вие).

Не се прифаќа ако не гласа никој за него.

(Пратеници бараат збор процедурално).

Молам, констатирам дека предлогот не е прифатен.

(Пратеникот Насер Зибери инсистира процедурално да добие збор).

На што се однесува процедурата?

Дали после гласањето.

(Пратеникот Насер Зибери се упатува кон говорницата).

Господине Зибери, немате збор.

Вратете се на свое место.

(Пратеникот Зибери појаснува дека се работи за друг дел).

А, за друго, повелете.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господо пратеници, господине потпретседателе, вашите тврдења околу почитувањето на Деловникот и Уставот по начинот на работа и одлучување се точни. Тука не спориме. Тука не се работеше за одлучување, за барање и изјаснување од страна на Владата. Но, тоа помина.

Ова прашање и овој начин водење на седниците на Собранието, може да се разреши само со ваше разрешување.

Затоа предлагам точка на дневен ред - Иницијатива за разрешување на потпретседател на Република Македонија и барам 15 минути пауза да изготвиме пишан текст на иницијативата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете, тука нема што да се противам на господинот Зибери.

Нека направат предлог, во пауза од 15 минути и нека го достават.

Собранието ќе одлучи.

(Пауза по барање на пратеникот Насер Зибери).

(По паузата седницата продолжи во 14,10 часот).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да продолжиме со работа, исполнети се условите.

Чекаме да се подготви предлогот за разрешување на потпретседателот Томислав Стојановски, меѓутоа, ако се согласите ова да го почекаме, а да работиме по другите точки.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Се работи за едно начелно прашање.

Бидејќи веќе е поднесен Предлог за разрешување на потпретседател на Собранието, поради принципиелни причини, значи да не биде во можност да биде пристрасен, подобро е да не ја води оваа седница. Тоа е мој предлог.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова го упатувате до Собранието.

Предлогот е процедурален или е процедурално само говорење или е предлог така да се постапи.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Предлог е.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави г. Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, се јавувам процедурално во однос на предлогот кој го искажа г. пратеник Мерсел Биљали.

Сметам дека е неумесен предлогот од следните причини.

Прво, не е точно дека седницата ја води човек кој е нестручен и мислам дека апсолутно нема да наштети на текот на седницата доколку истиот човек, потпретседателот, ја води седницата.

Сакам да кажам врз основа на што го базирам ова што го кажувам.

Прво, за да се заштити личноста на потпретседателот на Собранието на Република Македонија г. Томислав Стојановски, должен сум да го искажам следното. За време на водењето на седницата денес, потпретседателот не направи апсолутно никаков деловнички престап.

Еве, да земеме внимателно да ги прочитаме стенографските белешки од она што г. Илија Илоски го бараше. Неговата реченица гласеше вака, цитирам: "Јас предлагам на оваа седница да се дополни", мисли на дневниот ред, "со посебна точка на дневниот ред да се изгласа заклучок, со кој Владата ќе се задолжи да изготви информација како што ја наведе".

Значи, г. Илија Илоски упатува барање до Собранието да донесе заклучок, со кој ќе се задолжи Владата да достави извесни информации. Значи, барањето е упатено до нас како Собрание, до нас како пратеници. Значи, претходно да донесеме заклучок Владата да се задолжи со одредена информација.

Деловнички, иако сите се повикуваме на Деловникот, прво, не постои некоја одредена процедура со која би се утврдило каква е таа постапка, дали кога еден пратеник бара одредена информација да влезе во дневен ред треба да се бара мислење од Владата или не треба да се бара. Таква деловничка одредба нема. Право по Деловникот да ја води седницата има претседателот, односно претседавачот.

Со оглед дека барањето на г. Илоски беше толку јасно, тој бараше да се донесе заклучок од Собранието. Исправно постапи потпретседателот што пред да го праша претставникот од Владата, побара од

Собранието да даде одлука онака како што бараше, односно да се изгласа заклучок, па дури тогаш да се праша Владата за одредената информација. Така и постапи, така и се изгласа и мислам дека апсолутно не држи никаква правна проблематика онаа одлука која што ја донесе.

Инаку, кога сум веќе кај оваа проблематика, сакам да го наговестам следното. Ова го зборувам повеќе по струка, со оглед дека сум правник. Читајќи го Деловникот, при утврдување на точки на дневен ред, ние утврдувавме точки на дневен ред, г. Илоски се обрати до Парламентот и побара да се сврсти на дневен ред оваа информација. Кога се бара такво барање, единствена одредба во Деловникот која дозволува една таква точка да се уврсти или да не се уврсти во дневниот ред, тоа е членот 99 од Деловникот, кој кажува:

"Секој делегат" - се мисли на стариот состав - "може и на седницата да предложи на дневен ред на таа седница да се стави определено прашање, но е должен да ја образложи итноста на тој предлог. Итноста на предлогот може на седницата да ја предложи претставникот на Владата. На седницата најнапред се расправа по итноста".

Од г. Иловски не слушнав мислење ниту став во смисла на тоа да ја брани итноста, зошто е итно да се расправа по таа информација. Во своето излагање, тој наговести дека станува збор за некакви претпоставки од штета, но доколку постои таква штета и ја образложеше итноста дека сега овој Парламент денес треба да расправа по таа итност, тогаш да расправавме. Но во дадената ситуација ниту побара, ниту ја образложи итноста, ниту овој Парламент се произнесе за итноста за да се стави на дневен ред. Инаку, редовната процедура беше: г. Илоски можеше да побара писмено до претседателот да добие таква информација од претставникот на Владата таа да се изготви, ние да добиеме материјал, да го проучиме и прочитаме, па дури тогаш да продискутираме, односно да се стави точка на дневен ред.

Од овие причини сметам дека апсолутно е неодржливо барањето на г. пратеник Мерсел Биљали со оваа седница да не раководи господинот потпретседател Томислав Стојановски, затоа што сметам дека потпретседателот си ја врши својата работа апсолутно во согласност и со Уставот и со Деловникот и ги молам моите пратеници, односно пратениците од коалицијата да го поддржат овој став.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине потпретседателе, тука се присутни најмалку 80 пратеници и јас не се сеќавам, но ако не е така некој нека го каже спротивното, дека сум кажал нешто во однос на вашата нестручност. Напротив, многу сум убеден дека сте пре стручен. Не сакам тоа да го коментирам.

Меѓутоа, ова што го предлагам, не дека пишува во Деловникот, туку редот на нештата тоа го бара. Мислам дека е сосема фер кога се расправа за вашата одговорност или вашето разрешување, да не ја водите седницата од принципиелни причини, затоа што секогаш постои можна претпоставка некој да помисли дека ќе има опструкции при водењето на седницата. Тоа не мора да се случи, меѓутоа секогаш има можност некој и да помисли и затоа јас предлагам, не дека Деловникот тоа го предвидува, туку е многу фер и ред и редот е така да се постапи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави господинот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Јас го разбирам г. Биљали дека редот е таков како што кажува, но само да го потсетам, можеби лично не него, туку неговите колеги дека цело време, во текот на седницата, опозицијата гласно се повикуваше на Деловникот дека во Деловникот е предвидено ова, е предвидено она и не знам што, буквално ни го цитираат Деловникот, а сега одеднаш станува збор за редот на нештата. Кога работиме во овој Парламент, должни сме да се придржуваме кон правилата, а правилата се содржани во Деловникот. Дали редот е ваков или таков, тоа не значи дека ние треба крајно да го почитуваме редот.

Што е основно треба да го почитуваме Деловникот и Уставот и јас сметам дека апсолутно и Уставот и Деловникот е почитуван во ова Собрание од страна на г. потпретседател Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави господинот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, најпрво сакам да укажам, како пратеници со најголема

одговорност и преголема сериозност дека покажуваме тотална незнајност.

Прво, ние немаме утврдено дневен ред за оваа седница и нема за што да расправаме. Тоа е елементарно непознавање на Деловникот на Собранието на Република Македонија и ве молам да престанеме со вакви небулози.

Дајте прво да го утврдиме дневниот ред и после да почнеме со материјална расправа по точките од дневниот ред. Инаку, сето ова што се направи е една голема каша, за која навистина овие деца горе треба да ни се смеат (покажува кон присутните студенти на галеријата).

Ве молам, јавноста ќе не осуди заради непознавање на основните правила на однесување и навистина во иднина не треба вакви пратеници да седат во Парламентот.

Прво мораме да го утврдиме дневниот ред. Откако ќе се утврди дневниот ред, продолжуваме со материјална расправа. Тоа е основно правило и ве молам да се држиме до тоа.

Господине потпретседателе, ве молам да го утврдиме дневниот ред на оваа денешна седница, после ако треба и потоп нека се случи.

Доколку ова не го направиме, ќе ја напуштам седницата, како револт од она што денес го правиме во ова Собрание.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Кирил Андоновски.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Господине потпретседателе, господа пратеници, често ни се случуваат вакви работи. Мислам дека веројатно е од непознавање на Деловникот. За жал, многу пратеници паушално дискутираат дека процедурално е ова прашање. А процедурата што значи? Начин на работа, деловничка работа. Не сакам да посочувам кои пратеници, но верувам дека паушално зборуваат, без да го видат Деловникот за работа, сигурно не го ни виделе, па затоа и вака дискутираат.

Едновремено се постави прашањето Владата да биде присутна на сите наши седници, не баре е Извршен совет на Собранието на Република Македонија како извршен орган на тоа Собрание. Мораме да разбереме дека Владата е носител на извршната власт, посебна власт, не можеме ние постојано како што бара опозицијата, за жал и трагично е тоа, постојано да се одолговлекува утврдувањето на дневниот ред за да се намали ефикасноста на работењето на Собранието.

Ќе ви поставам прашање, барем во Законодавно - правната комисија, колку се активни членовите на Законодавно - правната комисија, освен во начелната дискусија, во подобрувањето на текстовите на законите. (Реакција на некои пратеници во салата). Да, да, точно е тоа, само во начелната дискусија каде е атрактивно заради афирмација на партијата, со исклучоци можам да кажам. Меѓутоа, тоа го зборувам како претседател на таа Комисија.

Второ, колку е редовноста застапена во комисиите, да се посветите на работата на комисиите, на телата и тоа може да се види од записниците од седниците на тие комисии. Честопати се мешаат работите дали се работи за пратеничко прашање, барање известување, барање информација. Мора да ги разграничат работите. Ако е пратеничко прашање, во Деловникот е кажано како се поставува пратеничко прашање, усмено или писмено, на усменото прашање од кого се одговара, на писменото прашање во кој рок и сето тоа, потоа дали е задоволен пратеникот, ако не е задоволен може да постави дополнително прашање. Меѓутоа, не може одговорот да следи како што мисли оној кој го поставил прашањето и до бесконечност да трае поставувањето на тие дополнителни прашања.

Понатаму, ако се бара известување, во Деловникот е кажано известување во врска со материјалот што е на дневен ред, такво известување се до заклучување на претресот, а ние бараме известување кога уште не е утврден дневниот ред! Што е трагично од тие што имаат поголемо искуство во Парламентот, веќе трет мандат можеби седат во овој Парламент. Стануваат, на пример кога се гласало за предлогот, се усвоил или не се усвоил, не е битно и зборуваат процедурално, а продолжуваат да зборуваат за тоа што веќе е поминато, што не е прифатено. Каде го има тоа? Стануваат и викаат со цел глас "процедурално". Од сега викајте "деловнички", не го викајте процедурално, бидејќи процедурално е Деловникот за работа.

Сега се поставува прашање кој треба да ги штити одредбите, односно кој се грижи за примена на Деловникот. Сигурно се грижи претседателот на Собранието, односно оној што го заменува и сега вие најдовте, ви текна, ќе поднесеме барање, односно ќе предложиме предлог за разрешување. Каде го има тоа? Тоа е смешно и трагикомично на тие што го предлагаат, а другите треба да се смеат на

тоа, па земале некои одредби каде се зборува врз основа на тој и тој член, каде се зборува за претседателот, што не држи, па од Привремениот Деловник или не знам од кој друг Деловник. Каде има основ таму? И на предлог - се знае како се бира, ова не е Собрание на Социјалистичка Република Македонија, туку ова е Собрание на Република Македонија, со Устав од 1991, а не со Уставот донесен 1974 година.

Понатаму, што е најтрагично ние наместо да го утврдуваме дневниот ред, се знае во Деловникот пишува кога се утврдува дневниот ред, ако предлага некој се знае треба да го образложи предлогот, итноста и сето тоа. Меѓутоа, не може предлогот десет души да го образложуваат, да го образложуваат само за да одолговлечат два часа утврдување на дневниот ред.

Мислам дека предлагачот е должен во рок од 5 мин. или колку е дадено, да ја образложи итноста и се гласа за итноста на предлогот. Меѓутоа, не важи и тераме како што тераме. Ама за тоа не се виновни пратениците, велам не се виновни. Виновни се од понапред, кога ја почнаа работата на Собранието и јас неколку пати укажав и во поглед на утврдување на дневниот ред и во поглед на дискусиите, бидејќи не може еден пратеник два часа да дискутира и да се држи за дневниот ред, за прашањето што е предмет на расправа.

Во тој случај, мора да излезе надвор од тоа прашање и во тој случај е должен претседателот на Собранието, односно претседавачот да му обрне внимание дека не треба да се држи до она што е предмет на расправа. Меѓутоа, ние можеме да зборуваме колку сакаме и да останеме живи.

Понатаму, разграничувањето помеѓу пратеничките прашања, барање на информација или предлог на дневен ред, Вие самите кои што го предлагате да го формулирате така, да се знае што барате. Ако предлагате нешто, што не одговара, тогаш должен е претседавачот да ве опомене, дека не работите во согласност со Деловникот. Вие да го корегирате тоа што сакате да барате, бидејќи често пати не знаеме. Вие барате информација, а истовремено предлагате точка на дневен ред. За гласањето, да не зборувам. Тоа е посебна приказна, а зошто е посебна приказна? Затоа што сега на пример, имаме 70 присутни пратеници. Присутните се тука бидејќи секој што ќе излезе, кој му го дал тоа право на пратеникот, дали базата, дали избирачите му дале право да не гласа и по изговор дека тука имаме 57, од тие 57, 55 гласале "за" и одлуката е донесена, но меѓутоа на некои им текнало да не гласаат, а се присутни. Тоа го нема никаде.

Мислам дека треба да се замислите и вашите избирачи кого избрале и дали имаат право така да се однесуваат, да гласаат, односно да не гласаат. Деловникот е јасен: гласате "за", "против" или се "воздржувате".

Јас апелирам ние да се посветиме на законите, бидејќи законите се битни за оваа држава, а не некое пратеничко прашање или барање информација од времето на социјалистичкиот устав или од времето на делегатското собрание.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа пратеници, имаме едно принципиелно прашање, кое го постави пратеникот Биљали, дали од принципиелни чувства, јас треба да ја водам седницата, во овој момент да се изјасни Собранието. Се става како приговор. Некој мисли дека многу постигнува со ова. И нека си мисли. Тоа е негово право. Има предлог, дали да ја водам седницата или не.

Го ставам предлогот на гласање, дали да ја водам седницата?

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Господине потпретседателе, имам поддршка од 61 пратеник и мислам дека е доволно да се убедиме дека може да ја води седницата потпретседателот во моментот кога е отсутен претседателот. Тука не треба да имаме дилеми, меѓутоа, мене многу ми е жал, зошто ние два - три часа се занимаваме со оваа проблематика. Тоа за мене воопшто не е сериозно и од аспект на процедурата, околу работата на ова Собрание и во поглед на почитување на Деловникот.

Господа пратеници, ние сме свесни за тоа дека, кога потпретседателот има поддршка од 61 пратеник, тука не треба да поставуваме такво прашање и таков предлог не треба да се изгласува во Собранието, бидејќи и самата работа на Собранието, ќе ја доведеме во една незавидна положба. Мислам дека тоа го занаат и пратениците од СДСМ и моите сонародници од Партијата за демократски просперитет.

Затоа, ве молам, да бидеме посериозни, ние за ова прашање, што расправаме три - четири часа, како да нема деловничко решение. Меѓутоа, јас не сакав да интервенирам, бидејќи има тука правници, кои исто така прават такви грешки, со единствена намера по мое мислење, некако да ја доведат работата на

ова Собрание во една незавидна положба. Тука не треба да има коментар, мислам дека твојата работа тука стои. За опозицијата некаважи, да ги почитуваат, а исто така тоа важи и за позицијата. Ако бараме, од една страна, некој да ги почитува, овие одредби на Деловникот, тогаш истите одредби на Деловникот, важат и за позицијата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги, дозволете една работа.

Поставувањето на довербата дали на оваа седница ќе биде одлучено со конкретна одлука.

Затоа предлогот на г-динот Биљали го ставам на гласање.

Дозволете ова да го расчистиме принципиелно.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги, јас сум еден од тие поборници да се чува и сочува дигнитетот на Парламентот. Во овој случај, јас како и Вие изгледа ја користиме збунетоста на господинот потпретседател и во овој случај јас предлагам вака.

Немојте да се плашите, дека ќе бидете разрешени, затоа што имате мнозинство, немојте да дозволувате вака други да излегуваат да го толкуваат Деловникот и т.н. Во Собранието се држат и такви предавања, кои навистина не можеме и да ги слушнеме. Мислам дека ова може да се бајпасира со фактот дека, Вие господине потпретседателе да го утврдите дневниот ред. Ние не сме тие, дали ќе ви дозволиме или не, тоа ви го дозволува Деловникот и кога ќе дојде на дневен ред точката за која ќе расправаме, ако дојде, се разбира и да се изјасни мнозинството во Собранието, да почнеме да работиме. Мислам дека полека треба да се сфати таа сериозност. Инаку, секој од нас ако излегува да толкува Деловник, мислам дека ќе одиме до една бескрајност и дајте ве молам, да почнеме да работиме.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас ќе бидам краток, како вообичаено.

Денеска се воведе една нова практика, практика листа на желби. Во случајов, на господинот Биљали не му се допаѓал како господинот Стојановски ја водел седницата. Можеби, некој од Вас сака да биде капетан на бел кораб, но тоа е само пуста желба.

Освен гласањето за дневниот ред, ако влезе Интерпелацијата ние можеме да разговараме. Ние можеме да разговараме за довербата за разрешување. Но Вие, едноставно не сакате да го гледате, како тој ја води седницата. Тоа е најмалку битно.

Значи, доколку мнозинството ова го изгласа, ние ќе разговараме дали тој е стручен, нестручен, држи ли вода држењето на седниците или не држи. Тогаш, нема за што да се дискутира господа. А листа на желби, можете да имате и понатаму. Но, во една друга позиција, кога ќе имате парламентарно мнозинство во овој Парламент. Во некое идно време, ако даде господ, нормално.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Овие денови добивме информација за проблемот околу тутунот, односно околу тутунопроизводителите и продажбата на тутунот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Селмани, сега не се работи за ова. Тоа не се наоѓа во оваа точка.

Ако мислите да предлагате нови точки на дневен ред, почекајте ова да се расчисти, па тогаш.

Има збор господинот пратеник Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Во име на пратеничката група на ДА, ќе го изнесам ставот на пратеничката група на ДА, со оглед на тоа што така течеше оваа седница, веќе три часа изгубивме во утврдување на дневниот ред и добивме една одлука, односно предлог од 20-тина пратеници, за разрешување на потпретседателот, предлагаме седницата да се одржи, бидејќи се работи навистина, за дигнитетот на ова Собрание.

Бидејќи се работи за потпретседател, седницата зеде еден тек, што во најмала рака не дава услови за едно нормално работење.

Јас ве молам, ние како пратеничка група нема да се изјаснуваме, по оваа одлука, затоа предлагаме тоа да се одложи за некоја друга седница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник Алексадар Талевски.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, ние денеска добивме предлог за ставање на точка на

дневен ред. Предлогот што го искажа еден пратеник, во врска со водење или не водење на седницата, не може да се земе во разгледување, ниту пак по него може да се донесе.

Го молам претседавачот на седницата е должен, да ја продолжи седницата, да го утврди дневниот ред. Во оној момент, кога ќе дојде оваа точка на дневен ред, тогаш е морално прашање дали тој ќе ја води или нема да ја води седницата.

Господине потпретседателе, ве молам, продолжете со утврдување со дневниот ред. Ништо повеќе.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа пратеници, има предлог на одлука, по неа треба да се расправа.

Ако никој повеќе не се јавува за збор предлогот ќе го ставам на гласање.

За збор се јави господинот пратеник Златко Стоименов.

**ЗЛАТКО СТОИМЕНОВ:**

Почитувани колеги, во овој случај потполно се согласувам со колегата Александар Талевски, дека треба да разграничиме две работи: она што го бараше пратеникот, околу водењето на оваа седница, е морално, етичка дилема. Затоа што, да не се навредуваме и погрешно да не се сфати тоа, од она што го кажа во воведното излагање, од она што досега, за време на расправата го бранеше законот пред пратеници, навистина, се стекнува впечаток, дека тој се разбира во реформите на државната администрација, колку или Иљо Иљовски во мелење на жито.

Ве молам, прекинете ја седницата и нека дојде министерот спремен, нека одговори на овие прашања.

Впрочем имавме и амандмани, ако се прифатат, да гласаме за законот.

Која нема врска со процедурата и со Деловникот. Не е деловничка дилема и затоа не треба да оди на гласање.

Значи, пратеникот кој постави дали потпретседателот треба да ја води точката постави едно морално - етичко прашање, кое не е предмет на гласање и на размислување, ниту обработка на Деловникот. За тоа Деловникот е јасен, кој ја води седницата, кој треба да ја води. Таа ја води претседателот на Собранието, во негово отсуство ја води потпретседателот и тука немаме никаква дилема.

Затоа, ги поддржувам сите размислување дека треба да продолжиме по дневниот ред, да излеземе од оваа заврзлама, од овој проблем во кој сме навлезени непотребно, да продолжиме со утврдување на дневниот ред, а кога ќе дојде точката правото на претседавачот тогаш е дали ќе биде г-динот сегашен претседавач, или претседателот на Собранието во моментот кога ќе биде точката тоа е негово право да одлучи, морално етички дали ќе ја води или не. Така да според мене нема потреба да гласаме во овој момент освен кога ќе дојде гласањето за дневниот ред.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Амди Бајрам. (Не е тука).

Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, јас ќе дискутирам кога ќе ми објасните за овој предлог дали да се стави на дневен ред или не.

Затоа сакав да се произнесам.

И дали е на дневен ред и каде е на дневен ред ме интересира.

Инаку апсолутно нема дилема кој ја води седницата, седницата треба да продолжи.

Значи сакам да дискутирам и се пријавувам во врска со предлогот што го имаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Биљал Љутвии дали се јавува за оваа точка или за предлог?

(Реагирање на пратениците во салата).

Па, предлог има луѓе.

**БИЉАЛ ЉУТВИИ:**

Г-дине потретседателе, во име на пратеничката група на ДПА, барам оваа седница да се прекине и утре да продолжи во време кое вие ќе го определите.

(Реагирање на пратениците).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, од преоска сакав да се јавам, но по се изгледа електрониката нешто не е во ред, се со цел навистина да воспоставиме ред во Собранието. Собранието да не го претвориме, како досега во Хајт-парк, каде што може се и сешто да се зборува, дури и за ингеренциите на претседателот на државата и на Владата.

Точно е дека потпретседателот во моментот ја води седницата и тој го толкува Деловникот за работа.

Не дозволувајте г-дине потпретседателе како адвокат да имате адвокат, кој ќе ги иритира и другите понатаму оваа седница и оваа дебата да трае бесконечно.

Според тоа, имате јасно деловничко право да постапувате по тој Деловник. Едно прашање кое беше поставено чисто од морален аспект, дали Вие како потпретседател на Собранието, за кој во моментот е поднесена иницијатива за разрешување, осеќате за потреба да ја водите или да не ја водите оваа седница. Тоа е ваше лично право, а не право на изјаснување на пратениците. Вие можете да кажете јас можам и ќе ја водам седницата. Тогаш нема расправа за таа работа. Доволно е да кажете се осеќам способен или не се осеќам и со тоа да завршиме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине потпретседателе, драги колеги.

Јас го поддржувам предлогот на координаторот на пратеничката група на ДА и на координаторот на пратеничката група на ДПА.

При тоа ви велам и ви советувам сите да го прифатиме тој предлог, сега да останеме со работа, утре да продолжиме, бидејќи ова вака ќе продолжи, а верувајте сите и кои учествуваат во ова денес и кои не учествуваат општо имаме штета. Сите имаме штета, на било која страна да се поставени луѓето. Затоа мислам да се смират духовите, ова е Собрание, раководењето со Собранието е многу важна работа, многу важен настан и овој предлог што се даде сега, нека се обават сите консултации преку ноќ.

Затоа предлагам да се усвои овој предлог и да прекинеме веднаш со работа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам, има збор Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, би ве замолил од името на сите пратеници да прекинеме.

Јас би побарал и координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да побара да прекинеме и да продолжиме утре. Го рушиме дигнитетот на Собранието и на пратениците.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-да пратеници дали ќе се прекине седницата или ќе продолжи не е никаков проблем. Проблем е дали навистина треба така да биде. Ако некој мислат овде ќе седнат, па ние ќе добиеме политички поени што така ќе направиме, дали некој знае или не знае, Законот ниту јас сум го напишал, ниту го носам одделно. Тој е напишан на хартија, сите ќе го читаат и ќе го знаат. Овде е проблем дали некој сака да прави опструкција на Собранието. Предлогот што го стavija за разрешување на потпретседателот Стојановски си оди во процедура, сите го добивте, гледате што се забелешките, што е прекршувањето, имате образложение, имате акти и нема што да се расправаме.

Г-да дали Собранието ќе одлучи, не јас, овде станува збор Собранието да одлучи да се прекине расправата.

(Реагирање на пратениците).

И, тогаш ќе кажев нормално дојдовме, се искаравме овде, ќе добиеме дневници, ќе си одиме. Како да постигнавме голема работа.

Ве молам прво и основно сакам за моја лична сатисфакција, не дали некој ќе оцени јас дали сум способен или не, тоа е друго прашање, предлогот го ставам, всушност приговор е, дали има мнозинство кое ќе каже дека од достоинствени причини, јас не можам да го водам Собранието...

(Реагирање на присутните).

Ве молам дозволете, ако јас ја водам седницата го поставувам прашањето, предлог е да не ја водам седницата.

Ве молам да гласаме.

Кој е за да не ја водам седницата?

(Бурно реагирање на пратениците).

Ве молам ...

(Г-динот Хисни Шакири, без да побара збор излезе на говорница).

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Г-дине потпретседателе, додека имате поддршка, додека не се констатира дека немате поддршка од мнозинство пратеници, за таков предлог не се гласа.

Јас сметам дека предлогот на г-динот Билали, од деловнички причини не држи. Прво треба да се констатира дали имаш поддршка од мнозинството како потпретседател. За предлогот што се однесува за разрешување е друго прашање, но таков предлог не се поставува пред Собранието за гласање. Не може тоа, деловнички не држи. Сега ќе му падне на

памет на некој друг ќе каже немаш право ти да водиш седница. Така не се решава. И самиот предлагач треба да не се согласува со таквото мислење.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам ако сакате да работите добро. Мудрост не сака ова.

Јас ова од мое лично име го ставам на гласање, има поднесен предлог во кој се бара разрешување. Дали треба да се ...

(Реагирање на пратениците).

**ЗАМИР ДИКА:**

Г-дине потпретседателе, дами и господа пратеници, барам уште еднаш од пратеничката група, пауза од еден час да се договориме. Ве молам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро, пауза еден час.

(Пауза од 15,05 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,20 часот).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам притиснете на едно од копчињата на системот за гласање да утврдиме колку пратеници се присутни во салата, да видиме дали имаме услови да продолжиме со работа.

Имаме присутни 75 пратеници во салата.

Констатирам дека се исполнети условите за продолжување со работа на Собранието.

За збор се јави пратеникот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани дами и господа, досегашната расправа во Собранието навистина покажа дека не сме во ниту еден момент да го сочуваме достоинството на Собранието и нашето поединечно како пратеници.

Од хумани причини, гледам дека на потпретседателот му паѓа многу тешко ова прашање, да не му ја нарушуваме здравствената состојба, јас како иницијатор на ова прашање, го повлекувам и предлагам и останатите предлагачи да ме поддржат во овој мој став и да ја повлечеме иницијативата за разрешување на потпретседателот на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Констатирам дека иницијативата за разрешување од функција потпретседател на Собранието на Република Македонија, на Томислав Стојановски е повлечена.

Продолжуваме со работа околу утврдување на дневниот ред.

Молам, дали уште некој друг бара збор измена и дополнување на дневниот ред?

Има збор пратеникот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, барам Владата да изготви Информација за една од наредните седници, за состојбите и проблемите за функционирањето на таканаречениот "Социјален фонд" за исплата на посмртнините, односно помошта на корисниците на пензиите.

Образложение: Издвоените средства Фондот ги дозначува само до Здружението на пензионерите и до Здружението на трудови инвалиди, но не и до Здружението на инвалидските пензии, поради што ова здружение не е во можност оваа акција да ја спроведува кон своите членови, како што го прават другите две организации.

Молам, за една од наредните седници Владата да изготви Информација за состојбите, проблемите и функционирањето на солидарниот фонд.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Даневски, ова ќе биде проследено до Владата како барање.

Ќе го проследиме, затоа што може или директно до Владата или преку Собранието, преку претседателот да се постави вакво барање.

Земаме обврска Претседателството, дека тоа ќе биде проследено.

Има збор пратеникот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани господа пратеници, јас сепак инсистирам да ми се одговори на прашањето, дали моето барање е уврстено во дневниот ред на оваа седница, за наредната седница Владата да ја достави бараната Информација, бидејќи мислам сосема сериозно за еден круцијален проблем што го тишти градежништвото, го поставив ова прашање и така почна цела ујдурма.

Јас не можам да се согласам со вашата констатација на мониторот да се појават 36 пратеници и Вие да кажете дека предлогот е одбиен со 36 присутни пратеници во салата.

Мислам дека тоа е оној клучниот момент кога настана целата денешна гужва во Парламентот.

Затоа ве молам јасно и гласно пред сите да кажете, дали се усвојува предлогот да изготви Информација или се одбива и од кои причини се одбива.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Прашањето е јасно и мислам дека ќе добиете јасен одговор.

Како го поставувате господине Иловски, се разликува вашето прашање од прашањето на господинот Даневски.

Вие предложивте, а тој предлог не ви се усвои.

Рековте предлагам дневниот ред на оваа седница да се дополни со посебна точка, да се изгласа заклучок со кој Владата ќе се задолжи да изготви Информација и натаму следи.

Ако го следевме постојниот Деловник кој го применуваме, кој се однесувал на друга констелација на власта кога Извршниот совет бил извршен орган на Собранието, тогаш таква одлука може да проследиме.

Сега Владата е посебен орган на власт и ако имате Вие, односно ако предлогот беше како што Даневски го предложи сега, јас тоа ќе го прифатев, а Вие барате Собранието да ја ослободи Владата од одговорност, ако работи по нејзин налог.

Затоа сметам дека направивме непотребни екскурзии денес околу водење на оваа седница и сметам дека нема да се повтори. Веројатно имаме недоразбирање околу сфаќањето на поимите и така дојде до тоа што дојде.

Но, да го оставиме тоа настрана.

Предлогот за заклучок е одбиен.

Меѓутоа, ако сега инсистирате за друго, да ве слушнеме.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

И да е така како што говорите, јас не сум убеден дека предлогот е одбиен со 36 присутни пратеници во салата. Право е на опозицијата дали ќе излезе во моментот, да направи намерна опструкција револтирана од чинот на не прифаќање на предлогот или ќе ги извади картиците, користејќи ја техниката.

Ако е тоа така, еве да ви го прифатам и така. Бидејќи се работи за суштинско прашање, го поставувам прашањето во форма како што го постави господинот Слободан Даневски, Владата да изготви Информација за она што говорев, да не образлагам повторно, ако е можно и да ја достави за наредната седница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ваков предлог според Деловникот може да се прифати и истиот ќе биде проследен.

Има збор пратеникот Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници.

Предлагам дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација за плаќање на извршените медицински услуги за време на Косовската криза за депортираните Косовари овде во Македонија, со посебен осврт како таа помош е распределена по медицински установи и приватни ординации, на местата каде што таа помош е и дадена, затоа што треба едно образложение. Ние тогаш имавме контакти со Министерството и со Фондот кога се договоривме дека, средствата што ќе бидат потрошени по основа на установите и другите здравствени организации па и приватните, ќе бидат надополнети. Досега од овој аспект немаме ништо. Значи ништо не е добиено ни распределено.

Би сакал оваа информација да се вклучи во дневниот ред на оваа седница, може да биде и последна точка, со оглед на тоа што не гледам овде претставник на Владата кој е компетентен и може да одговори на ова прашање.

Значи нека биде последна точка, но да имаме таква информација, затоа што постои голем дел на заинтересирани лица и установи за оваа работа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Положани ова што го искажавте ќе го примиме како факт.

Меѓутоа предлагате да биде уврстена во дневниот ред на оваа седница, информација која не е ни изготвена.

Дали има логика да донесуваме одлука за ваква работа да се работи.

Ако настојувате тоа да биде како што предложија колегите Даневски и Иловски, таква работа ние како Претседателство презимаме да ја проследиме до Владата и да се бара од неа извештај.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Со оглед на тоа што не се работи за работа која вчера била, значи чекала до сега и не е проблем да чека уште една седница, така да немам ништо против Информацијата да биде содржајна и во функција на решавање на овој проблем. Тоа е поголема придобивка од оваа работа и затоа јас прифаќам тоа да биде и за наредната седница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова ќе биде прифатено.

За збор се јавува пратеникот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

Барам на денешната седница да се расправа за информација за инвестиционата активност во Република Македонија, со посебен аспект на вложените странски инвестиции во вкупната инвестициона активност во Република Македонија.

Мислам дека во макроекономската политика, посебно значење му беше дадено на порастот на бруто домашниот производ и соодветното учество на инвестиционата потрошувачка во тој пораст на бруто домашниот производ.

Од аспект на тоа дека еве сме на пола година и дека имаме потреба како пратеници да бидеме информирани за активностите кои се во функција на реализација на макроекономската политика, круцијално прашање е да се разјасни таа активност и ние да имаме прегледност на тој план што се случува во Република Македонија.

Мислам дека бараната информација е суштинска и може во кратка форма да биде презентирана на денешната седница, со оглед на тоа што оваа седница можеби ќе има и продолжение во друг ден, а има и временска можност тоа да се направи и Владата да изработи и таква информација и таквата информација да биде на дневен ред на оваа седница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Истиот е систем.

Сега ако го поставите ова информацијата да се расправа на оваа седница, ќе морам предлогот да го ставам на гласање.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Потпретседателе, мислам дека сте во една, хендикепирана состојба со оглед на тоа што немате претставник на Влада и сакате одговарајќи на овие наши барања да воспоставите нов режим на работа во Парламентот, што никако не треба да биде воспоставен.

Затоа јас ве молам почитувајте ги досегашните процедури, кои што беа во функција на работа на Парламентот.

Имате служби, повикајте претставник на Влада.

Прво тој треба да каже дали Владата прифаќа изработка на таква информација.

Ако Владата не прифаќа, тогаш се става на гласање на Парламентот.

Ако пратениците одлучат тогаш Владата ќе мора да изработи таква информација.

Ве молам ние скоро втора година работиме во Парламентот, овој принцип го имаме воспоставено во Парламентот, повикајте претставник на Влада да може да се работи на утврдување на дневниот ред.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам господине Бузлевски.

Да не коментираме повеќе.

Ние не утврдуваме дневен ред за работа на Владата на Република Македонија.

Утврдуваме дневен ред за работа на ова Собрание.

Ние имаме тука 120 пратеници и може да имаме 120 причини или предлози.

Ова ќе го проследиме како ваше бараше, а ако Вие инсистирате јас ќе го ставам на гласање овде пред Парламентот.

Да бидеме на чисто да не се расправаме. Така е најдобро.

Повелете господа вклучете го системот за гласање да гласаме дали овој предлог на пратеникот Бузлевски да се разгледува на оваа седница на Парламентот или не.

Молам да гласаме.

Гласале 76 пратеници. 21 пратеник гласаа за, воздржани 8 и против 47 пратеници.

Предлогот на господинот Бузлевски, информацијата да се разгледува на оваа седница, не е прифатен.

Има збор пратеникот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе, го користам деловничкото право за измена и дополнување на дневниот ред, и од Владата

на Република Македонија барам информација.

Откако е донесен Законот за државјанство, колкав е бројот на тие што имаат поднесено барање за државјанство на Република Македонија, колку од нив се одбиени, по кој основ се одбиени и да се наведе националната структура на тие што поднеле и се одбиени за добивање на државјанство на Република Македонија.

Зошто барам ваква информација на оваа седница? Барам затоа што од непосредните контакти со граѓаните сеуште има значителен број на граѓани кои имаат проблеми со сите тие процедури, кои се водени досега за добивање на државјанство, односно немаат државјанство и не можат да ги користат правата на граѓани со државјанство на Република Македонија. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви благодарам и на Вас.

Инсистирате на денешната седница да се внесе на дневен ред.

Ќе треба да ја дели истата судбина како и со предлогот на Бузлевски.

Предлогот го ставам на гласање.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

По се изгледа не може да се консултира претставник од Влада дали прифаќа ваква информација, односно со ваква информација да се дополни дневниот ред, а ако веќе е така, кој може да ми одговори за првата наредна седница ваква информација да се достави.

Можам да се сложам и со тоа за првата наредна седница да имаме ваква информација.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Истиот одговор како што беше по првиот и при вториот.

Господа, овдека се работи за систем и вашето прашање ќе биде проследено до Владата да ви одговори, како што беше и на другите.

Тоа е Деловникот каков што јас го разбирам и тоа така ќе оди.

За збор се јави г-динот Алириза Лога.

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, уште во минатата година поставив едно во вид на пратеничко прашање, меѓутоа, што се однесува за добивање на лични карти на граѓани кои што привремено се вработени во странство. Од тоа, ништо. Дури вчера ми се јавија од моето Струга и Струшко некаде околу 30-етина такви граѓани, кои привремено се вработени во странство и не можат да добијат лични карти во органите на МВР.

Барам, ако не може денеска, тогаш информација на ниво на РМ да се види колку такви барања се доставени од такви граѓани на оваа држава, кои привремено се вработени во странство, а доколку тие се вратат овдека за одмори или за други нешта, не можат да добијат лична карта со сите свои генералии од неговото родно место. Туку, само во пасошот му се пишува адреса каде што тој е вработен во странство.

Затоа, барам информација на ниво на Републиката колкав е тој број на такви граѓани, кои што не добиле досега и плус да ни се достави информација и на ниво на националности. Дали има ваков случај и за другата националност, било да е тоа македонска, турска или други националности или се работи само за албанска националност, која што не може таква документација да добива. Ако не може денеска, барем на наредната седница тоа да ми биде доставено. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Истата работа ќе биде како и кај другите и ова ќе биде проследено.

Тогаш, Владата нека ви одговори, затоа што е должна како на пратеничко прашање за известување да го имате.

За збор се јави Поповски Никола.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги и членови на Владата, што ги нема, тоа се заменици на министри. Собранието избира Влада и заменици министри, не избира заменици Влада, да се разбереме.

Прво, би сакал г-дине потпретседателе на Собранието, имајќи ги предвид вашите укажувања во врска со начинот на кој работи Собранието да укажам дека тезата за надлежностите на Владата и на Собранието ги извлековте до таков апсурд, што создадовте ситуација во која Владата нема никаква потреба да присуствува во Собранието, ниту кога се утврдува дневниот ред, ниту за својата надлежност да одговара пред Собранието на прашања на пратениците или на барање за дополнување на дневен ред.

Сакам да констатирам како координатор на пратеничката група дека ваквата пракса денеска се наметнува само заради фактот дека, претставниците на

Владата веќе неколку дена не доаѓаат на ниедна седница на Собранието и вчера и завчера Собранието работеше со замениците министри, кои секако, имаат полн капацитет да ја претставуваат Владата во Собранието. Меѓутоа, исто така, треба да сфатиме дека елементарна должност е на Владата или на претставници на Владата, кои можат да говорат во името на Владата кога се утврдува дневниот ред на Собранието, да присуствуваат на седницата.

Мислам дека ваквата практика која сега од, дозволете да кажам, од немајкаде ја наметнувате во Собранието, затоа што нема претставници на Владата, може да создаде опасен преседан во иднина претставниците на Владата воопшто да не треба да присуствуваат на седница на Собранието, освен кога имаат свои предлози по кои ние треба да се изјаснуваме.

Сакам да сфатите и да разберете дека вакви преседани можат да не доведат во ситуација, комуникацијата помеѓу Владата и Собранието да се сведе само на комуникација по предлози на Владата. Затоа, сметам дека не требаше Собранието да продолжи да работи во услови кога на прашањата кои се покренуваат овде не се добива одговор од Владата дали е спремна за некои од нив да отвори дебата во Парламентот.

Дозволете ми г-дине потпретседателе, согласно Деловникот да побарам Собранието на денешната седница да го прошири својот дневен ред со нова точка по итна процедура или под итна постапка, со точка на дневен ред, Обраќање на министерот за финансии и Гувернерот на Народната банка на Република Македонија, во врска со движењата на цените и инфлацијата во Република Македонија во првите четири месеци. Дозволете да објаснам, да ја објаснам итноста.

Република Македонија во текот на изминативе 6, 7 години, вклучувајќи ги и последниве 2 години кога оваа Влада ја води државата, како еден од своите столбови на макроекономската стабилност ја третира контролата во монетарниот сегмент, односно контролата на цените, инфлацијата и курсот. Последните податоци од Заводот за статистика, кој се официјални за РМ и кои се објавени со соопштение на Заводот за статистика од 3 мај 2000 година, значи само пред десетина дена или помалку, говорат за следново.

Инфлацијата во Република Македонија во април 2000 година, во однос на април 1999 година, значи онаа која е меродавна за мерење на инфлаторните движења во Македонија, покажува движење од 14%. Дозволете само да укажам дека согласно соопштението, специјалното соопштение за РМ во овој момент инфлацијата во РМ е неколку кратно поголема од онаа која е утврдена со Одлуката за монетарна политика и со заложбите и на ова Собрание и на Владата за 2000 година. Истовремено, имајќи ја предвид годишната инфлација од 14% официјалните податоци на РМ покажуваат дека само за првите четири месеци инфлацијата достигна ниво од 6,5%, а знаеме дека нашата Одлука е, која се спроведува и од Владата и од Народната банка, на ниво од 3% годишна инфлација. Значи, тенденцијата е очигледно оваа двоцифрена инфлација до крајот на годината да се задржи, евентуално и да се продлабочи. Врз основа на тоа за првите 20 дена, само од април, веројатно под влијание на Законот за додадена вредност инфлацијата е на ниво поголема, отколку зацртаната за годишниот за една година во Република Македонија во износ од 4,7%. Имајќи предвид дека ценовниот удар после априлското воведување на Законот за ДДВ ќе биде како последователен ефект и во мај во кој тековно се движиме, реално е да очекуваме дека веќе за првите 5 месеци инфлацијата во РМ ќе достигне ниво од 10% за 5 месеци, односно годишно ниво од над 15, 16, па можеби и повеќе проценти. Заради тоа, барам, имајќи предвид дека контролата на овој сегмент од економската политика е еден од клучните контролни елементи на Собранието во макроекономската политика, вклучувајќи ја Владата и Народната банка, која е задолжена да се грижи за стабилноста на денарот, барам по итна постапка да се утврди точка на дневен ред Обраќање на Гувернерот на Народна банка на РМ пред Собранието за овој проблем и обраќање на министерот за финансии, со цел Собранието да биде информирано што всушност се случува и какви се проекциите во непосредна иднина, со проекција до крајот на годината за оваа сфера, која ќе се сложите, дека доколку се испушти од контрола, не само што ќе влијае на сите други проекти, одлуки и политики кои ги води Владата, во политиката на доходот, во оданочувањето, потрошувачката, буџетската потрошувачка и т.н.

Затоа, ве молам согласно моето барање Владата да се изјасни за овој проблем и да го ставите на гласање.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам. Имаме претставник на Влада, ако се однесува за дел каде вршиме контрола како Собрание, тогаш тоа може да биде.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, предлагачот на точката бараше по итна постапка, иако таква немам разбрано дека постои, знам само кога се носат закони по итна постапка, меѓутоа, веројатно мислеше да ја образложи итноста на барањето. Во Деловникот во членот 99, став 3 вели дека Собранието прво треба да се произнесе по итноста дали има потреба нормално, со гласање, дали има потреба под итност за една ваква точка, па дури тогаш да се даде на Владата за мислење.

Дајте постапете по Деловникот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не реков на Владата за мислење, делот кој што е го контролира Собранието во сферата на монетарната политика, па сега дали имаме претставник, а имаме и дали тој ќе може да каже нешто за ова или да одлучиме поинаку.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Доколку правилно го разбрав предлагачот во својот предлог, не само што го наметна проблемот, актуелниот проблем со движењето на цените и со инфлаторните движења, кои што според предлагачот попримаат загрижувачки димензии, беа прозвани практично конкретни функционери. Беше прозван министерот за финансии, кој во моментов е зафатен и беше прозван гувернерот.

Според тоа, бидејќи двајцата се функционери отсутни, ве молам, јас колку разбрав беа спомнати имиња, презимиња и функции. Ако така му пријдеме на предлогот, значи не би можел јас во нечие име да се произнесувам. Но, доколку предлогот поприми итен карактер и доколку таа итност може да се вклопи во, да речеме наредната седница, можам во име на Владата да ветам дека ќе подготвиме таква информација, затоа што навистина тоа би бил проблем и на Владата и на Народна банка и на сите структури во државава.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сега, останува да го ставам на гласање.

Збор има Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Би сакал да се произнесам по однос на предлогот на г-динот, односно да го изнесам своето мислење

(реакција од пратениците)...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се работи за итноста, се расправа за итноста, колеги, затоа што околу тоа имаме проблеми и расправаме.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Лично сметам дека потреба од итност за изгласуваше на ваква точка на дневен ред нема и би сакал да кажам зошто ја нема таа итност. Самиот министер во неколку наврати пред донесувањето на Законот за ДДВ, истакна дека првиот месец после воведувањето на ДДВ ќе има одреден пораст на цените, кои што е несекојдневен за нашата економија, меѓутоа, дека комплетниот мониторинг и следење на движењето на цените, Министерството за финансии и Владата го имаат и дека доколку треба да се реагира до септември, ние ќе имаме конечен извештај. Тоа е првата работа.

Втората работа е тоа што сметам дека оваа работа на некој начин е како подготовка за 18 мај на некој начин да се крене тензија и одредена паника дека е готово и инфлација ја зафаќа Македонија и чисто од маркетиншки аспект не би го поддржал овој предлог.

Само би сакал да потсетам дека ваквите тенденции од страна на СДСМ веќе станаа практика.

Прво, кога требаше да го воведеме данокот некаде во декември, ако се сеќавате господо, рековте во март ќе сме ви дале предлог да го одложиме донесувањето на данокот за додадена вредност. Тоа се ваши зборови и можам да ви дадам стенограми. Меѓутоа, тоа не се случи. Откако го донесовме тој Закон за ДДВ, втора фаза пристапувате, еве ќе шириме паника дека ќе настане инфлација и т.н. Самите зборови на министерот го потврдија ова што и претходниот дискутант го кажа. Навистина, во првиот месец, поради данокот за ДДВ ќе има пораст на цените, меѓутоа, комплетната работа се следи и е под контрола.

Така, не гледам никаква потреба за итност, ниту пак за дискутирање на една ваква точка на дневен ред. Чисто, сметам дека е ова од политички маркетинг.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам. Повелете г-дине Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Најнапред, навистина, се извинувам што по втор пат земам збор, но оваа дилема што сега ќе ја искажам, ми беше и пред да го поставам барањето за информација.

Имено се работи за една работа што ние имавме седница за пратенички прашања. Сега, таа се прекина или незнам кога таа повторно ќе биде. Побарав една информација, затоа што мислев дека таа веќе не може да биде одложена или е во интерес на тие што очекуваат нешто од таа информација. Навистина, би сакал од вас да ми дадете една информација, можеби таа ќе придонесе да ја прекинеме веќе таа можност за се да бараме прашања или информација, ако знаеме дека таа седница прекината за пратенички прашања кога ќе биде закажана или дали ќе биде закажана. Зашто, навистина, ние сме оптоварени со прашања, барања од електоратот каде што мораме за некои работи во вид на прашања, тие се прашања и сега јас не можам прашањето да го злоупотребам, па да кажам сакам информација, тие се чисто прашања, па дали можете да ни помогнете кога тоа ќе биде, како ќе биде, се со цел да ја упростиме работата и да почнеме да работиме по тоа што мислам дека сите би сакале. Јас се извинувам, но навистина немаме друга можност да ги разјасниме овие наши потреби и не само наши, туку и од електоратот. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине Положани треба да внимаваме, имаме еден конкретен предлог по него расправаме кога рековте процедурално, јас мислев дека се однесува по однос на предлогот на г-динот Никола Поповски. И, за ова прашање, да не се враќаме повторно претседателот рече дека на претседателството во понеделник ќе се одлучи кога ќе продолжи таа седница. За тоа можам да ве известам.

Г-дине Сејфедин Харуни, дали тоа што ќе го зборувате ќе се однесува на предлогот на г-динот Никола Поповски.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Прво, благодарам што ми дадовте збор.

Јас сакам дневниот ред на денешната седница да е надополни со....

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Немојте така, не е чесно према човекот да постапувате.

Рековме дека прво да завршиме со предлогот на Поповски.

Ве молам, кога ќе завршиме со предлогот на г-динот Поповски, тогаш ќе продолжиме со дневниот ред.

За збор повторно се јави г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Се јавувам во врска со одговорот на Владата и во врска со итноста. Инаку, некои од дискусиите кои се во аут во врска со темата, нема да ги коментирам.

Г-дине потпретседателе, јас побарав да се изјасни Собранието за итноста, што подразбира за оваа седница.

Доколку имав намера за наредната седница, тоа ќе го приложев писмено. Јас сакам врз основа на одговорот од страна на заменикот министер да го појаснам следново:

Прво, да не настане забуна не беа прозвани, тоа има поинаква конотација, беа повикани овие двајца функционери гувернерот и министерот што е сосема различно од прозвани, беа повикани да се обратат до Собранието.

Зошто барам итна процедура? Седницата е закажана пред 15 дена согласно Деловникот на Собранието. Итноста се наметнува заради фактот дека проблемот се случи во овие 15 дена кога јас не можев деловнички писмено да интервенирам и токму затоа Деловникот дава можност за итни точки на дневен ред. Затоа барам на оваа седница да има точка на дневен ред.

Од друга страна не се согласувам со предложеното од страна на претставникот на Владата господинот заменик министер да биде за наредната седница, од причини што сметам дека итноста е потребна затоа што наредната седница ќе се закаже по пет дена веројатно и ќе се утврди да биде согласно Деловникот после 15 дена. Очигледно дека наредната седница, имајќи го предвид датумот, нема да може да се закаже пред 1 јуни.

Со оглед на фактот дека Македонија, само да го повторам тоа, во својата целокупна економска политика се потпира на еден од големите столбови контрола на инфлацијата, дека таа се проектира секогаш на износ помал од 5% на годишно ниво. Со оглед дека во моментов Македонија живее во услови на годишна инфлација 14%, сметам дека Собранието без никакви други намери треба да биде информирано од страна на гувернерот и заменикот или еден од нив во врска со тоа што се случува со инфлацијата, кои се краткорочните и кои се предвидувањата до

крајот на годината и дали се подготвуваат некакви мерки во оваа насока. Апсолутно сметам дека обраќањето на овие функционери пред Собранието подразбира итност, затоа што и состојбата е таква. Таа е итна, Македонија има 14% инфлација во овој момент, што мислам дека се заканува да ги наруши сите други макроекономски индикатори и движења во државата. Јас би бил среќен доколку во обраќањата од овие двајца господа кои ќе имаат јавен карактер да дадат уверувања дека, Владата и Народната банка ќе ја контролираат инфлацијата, имаат намера да преземат некакви мерки за да ја намалат. Меѓутоа, за да не прррјудицираме, јас останувам на барањето Собранието да се изјасни дури и во вакви услови кога нема претставник да се изјасни за итноста, неземајќи го предвид, се разбира, едно од излагањата на пратениците кое апсолутно беше во аут по повод темата. Мислам дека ситуацијата е таква што ни треба итно обраќање да знаеме што всушност се случува во Македонија за оваа клучна сфера од нашиот живот. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Никола Поповски.

Една работа, да одиме по ред што ни дозволува Деловникот. Поставивте прашање, се расправа задолжително по итноста, не можеме да запреме, во иста положба го прашувам господинот Димитар Бузлевски кој е на ред овде за дискусија, дали ќе разговара по однос на предлогот за итноста, или ќе разговара за друго. Ако е по истиот предлог, повелете.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, искажувањето на колегата Глигоровски ме убеди да оценам дека навистина се работи за итност, со оглед на тоа што ние како пратеници сме ставени во ситуација на нерамноправност. Осмелувајќи се господинот Глигоровски да ги коментира и да ја образложи темата, очигледно дека тој има можност да комуницира со Министерството, со министерот и да добива информации, а за да и ние бидеме во можност да ја согледаме ситуацијата и да добиеме такви уверувања какви што ги добил господинот Глигоровски, оттаму до толку е итноста по пожелна.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали по ист основ се јавува и господинот Зибери? Господине Насер, дали се јавувате по истиот предлог или за свој предлог? Повелете.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

По истиот, но сум во дилема дали воопшто да учествувам во расправата оти ќе оди против мојот предлог, а предлогот ми е следен:

Да не водиме расправа без да го уврстиме прашањето на дневен ред.

Имено, тој што предлага има право да го образложи прашањето. Претставникот на Владата е тој да каже дали прифаќа или не. Ако се расправа по итноста на прашањето, тогаш има право пратеникот да го образложи, ќе се отвори прашањето, дали навистина прашањето е итно, за да се уврсти на дневен ред, односно Собранието да добие впечаток да се определи. Затоа ве молам, во иднина не дозволувајте расправа за конкретни предлози на пратеници, без да се стави на дневен ред.

(Пратеникот Флоровски од место му дофрла дека продава ум).

Флоровски, не ти продавам тебе памет, јас дискутирам, јас сум пратеник и имам право да дискутирам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам расправајте се на друго место.

Дозволете, членот 99 ме задолжува да отворам расправа за оваа работа.

За збор се јави пратеникот Милан Ставрев, дали за истиот предлог се јавувате или вашиот предлог е одвоен? Повелете.

**МИЛАН СТАВРЕВ:**

Ме чуди итноста на барањето да се расправа за процентот од 14% на инфлацијата во државата.

Јас искрено прашувам и барам одговор дали пратеникот колегата Поповски, сите не доведува во заблуда и овде во Парламентот и јавноста дотолку повеќе што сакам да ми каже веродостоен податок од каде дошол до тој процент од 14%? Тој може сега да каже и 114% или 20% или 30%. Дотолку повеќе што јас вчера бев во Народна банка, која е меродавна и која ги знае точните проценти, таму не слушнав 14%. Молам да ми се одговори.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Сакам да направам две исправки.

Прво, господинот Ставрев упатува на мое барање за расправа, јас господине потпретседателе не барам итност за расправа, меѓутоа барам итност од обраќање пред Собранието, што не е расправа. Да ги разврстиме тие два проблеми. Барам обраќање.

Второ, јас посочив, можеби господинот Ставрев не слушна, ова е податок за движењата на цените на мало што е официјален податок за инфлацијата во Република Македонија издаден со соопштение за движење на цените на мало од Републичкиот завод за статистика на 3 мај 2000 година. Тоа е официјален документ, постои во Библиотеката на Собранието, претпоставувам дека Министерството за финансии го има, апсолутно нема потреба од доведување во ваква недоверба меѓу пратениците, кога се работи за официјални документи од страна на државата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јавува пратеникот Милан Ставрев.

**МИЛАН СТАВРЕВ:**

Видете, 14% е алармантен податок. Јас морам да го потсетам и да му укажам на колегата, тој ми е колега по струка, дека едно е покачување или паѓање на цените на мало, тоа е еден показател, а инфлацијата е сосема друг показател. Најверојатно ги измешал лончињата и овде дава информации кои навистина, уште еднаш потенцирам, сите не става во заблуда. Ако е 14%, тогаш е навистина алармантно, но ако не е 14% што правиме тогаш? Процентот на инфлација, дефлација или ревалвација ги утврдува Народната банка на Република Македонија, а не Заводот за статистика или некој друг орган. Јас не знам кој може да биде.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се јавува господинот Никола Поповски, веројатно да даде одговор.

Дали можам да ве замолам ова да биде последно.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Да, јас сум прашан и како предлагач на точката претпоставувам дека сум должен да одговорам, јас не иницирам расправа.

Ова е класичен пример зошто при утврдување на дневниот ред Владата треба да биде присутна на седница на Собранието.

Второ, во Македонија како и во многу земји во светот инфлацијата се мери преку процентот на порастот на цените на мало на годишно ниво. Тоа е официјален документ на Република Македонија, јас го молам господинот Ставрев да не се навлекуваме двајцата во непотребна расправа околу ова прашање, тоа е совршено јасно, индексот на порастот на цените на мало е индикатор, односно мерка за инфлацијата во Република Македонија, тој индекс е тој што го кажав, тоа е официјалниот документ на Република Македонија, официјално издаден од Републичкиот завод за статистика и се согласувам со неговата стручна проценка дека доколку е така, тоа е навистина тема за расправа, затоа барам обраќање од Владата и гувернерот и ако нема расположба, јас ќе го прифатам ставот на Собранието дека нема, меѓутоа, заради итноста од ваквата инфлација, јас останувам на предлогот да се гласа за обраќање на надлежните за оваа сфера во Република Македонија пред Собранието на оваа седница, се разбира.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Пак се јави господинот Ставрев, како процедура, но ова да биде последно.

**МИЛАН СТАВРЕВ:**

Видете, сега настанува една ситуација. Пак ги мешаме работите.

Инфлација, дефлација, ревалвација и присуство на членови на Владата на седницата на Парламентот.

Мене навистина не ми е јасно што се сака.

Ако вака реферира колегата, мислам дека му е најпаметно да се повлече и да го повлече предлогот и да почнеме од почеток.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Очигледно дека јас се доведувам во непријатна ситуација, меѓутоа, ако веќе сум толку бомбардиран со прашања, јас го имам уште едното прашање во овој случај, очигледно темата е битна. Господинот Ставрев нека одговори кој е индикаторот за инфлација на Македонија ако не е порастот на цените на мало на годишно ниво, што го објавува Републичкиот завод за статистика. Кој е тој друг, на крајот на краиштата овде имаме претставници од Министерството за развој и финансии и ве молам да не го доведуваме Собранието во ситуација да расправа на вака извитоперен начин за работи кои се одамна познати.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Секој имате подвоено мислење, да ставиме крај.

Ве молам, по можност тоа да го направиме.

Има и други кои се јавуваат за збор. Повели Милан.

**МИЛАН СТАВРЕВ:**

Ќе морам да го потсетам колегата дека дефиницијата за инфлацијата, девалвација и ревалвација се учи на Економски факултет.

Читањето на дефиницијата и одговарањето се дава пред професори. Овде не гледам ни еден професор, а ако не му е јасно може нека оди до Економски факултет и нека праша. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, Јордан Бошков се јавува за збор.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Видете, господине потпретседателе, јас сакам само да ја искажам мојата збунетост што во текот на уточнувањето на точките на дневен ред, ние отпочнуваме расправа.

Ако колегата Поповски смета дека има точка за која бара итно да се расправа, тогаш колку го знам Деловникот упатено е само тој да образложи итност, никој друг не може во тоа да навлегува.

Ние останатите со гласање прифаќаме или одбиваме итност и на тоа завршува работата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Нема).

Бидејќи никој друг не бара збор, предлогот за итноста го ставам, даден од господинот Никола Поповски, на гласање.

Вкупно гласале 74 пратеника, од кои "за" гласале 29, 5 "воздржани" и 40 "против".

Констатирам дека Предлогот на господинот Поповски, за итноста не е прифатен.

Господинот Харуни се јавува за збор за дополнување на дневниот ред.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

За денешната расправа на дневниот ред на седницата на Собранието предлагам да се надополни со информација колкава хуманитарна помош материјална и финансиска примила Република Македонија во текот на 1999 година, заклучно со април 2000 година.

Проблемот го поставувам од причини што заклучно со април 2000 година, како е доделувана помошта и колкава е висината на средствата што следуваат по семејство, кое згрижило бегалци од Косово.

Информацијата ја барам од причини што во 1999 година и оваа година Република Македонија примаше хуманитарна помош од разни хуманитарни организации за бегалците од Косово, како и за семејствата каде беа згрижени бегалците. Бидејќи сум од регион од каде се делеше хуманитарната помош, имам сознание дека оваа помош не е доделувана правилно, туку врз основа на партиска припадност на семејствата што ги згрижиле бегалците од Косово. Сакам да додадам дека има примери на семејства кои згрижиле бегалци од Косово, кои примиле по 6.000 денари, некои и по 9.000 денари, а некои воопшто не примиле.

Исто така имам сознание дека со таа хуманитарна помош е тргувано дури е направен партиски профит, па дури и криминал. Јас сум од тој регион од каде се доделуваше таа хуманитарна помош, почнувајќи од селата Градец, Сенокосе, Неготино, Добри дол, Топлице, Врапчиште, Дебреше, Здуње, Равен, Речане и градот Гостивар.

Исто така имам сознанија дека во исто село некои семејства примиле многу повеќе помош, некои само еднаш додека други не примиле воопшто.

Исто така, имам сознание дека, да нагласам, вештачки ѓубрива примиле семејства кои воопшто немало згрижено семејства од Косово.

Оваа информација за денешниов дневен ред, сакам да биде расправана.

Повторувам, по оваа информација сакам да се стави на дневен ред и по неа да се расправа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали да се стави на оваа седница?

Вели да се стави на дневен ред, а не кажа кога.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине потпретседтеле, јас сакам да се стави на дневен ред за денешнава седница.

Меѓутоа поради проблематиката што јас ја изнесов, оваа Информација да биде подготвена и да се расправа, очигледно дека сега е 17,17 е часот, барам на прва наредна седница да се застапи ваква Информација.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе морам да го ставам ова на гласање, со една констатација, невообичаено е да се определува содржина на наредна седница.

Таа се утврдува за секоја седница.

Ве молам, предлогот на господинот Харуни го ставам на гласање.

(Реакции во салата).

Не вели на наредна, вели на оваа. (Реакции во салата).

Ако е вака поставено прашањето за информација, ќе го доставиме до Владата, а со утврдување на дневниот ред за наредната седница, тоа ќе може да дојде без проблем.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Не го слушав образложението што го дадовте.

Јас реков дека денеска, за расправа многу е доцна.

Меѓутоа, за првата наредна седница.

И, по ова нема што да се изгласува.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Кога ќе утврдуваме дневен ред за таа седница, тогаш ќе биде предлогот на господинот Харуни, кој ќе биде проследен до Владата за барање информација.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Извинете, вака како што Вие кажувате, тој предлог да биде доставен, значи по она народното "чекај, па ќе биде сено".

Јас барам на прва наредна седница да се расправа по оваа информација.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господо пратеници, господинот Харуни бара на денешната седница да се утврди, што ќе биде дневен ред за наредниот пат.

Го поставувам ова прашање на гласање, дали може да прифатиме?

(Реакции во сала). Бара решение.

Господо, предлогот на Харуни го ставам на дневен ред, дали за наредната седница да стои утврдена точка, ве молам да гласате. (Реакции во сала).

Имаме отворено барање. Тој бара денеска да се утврди оваа точка да биде на дневен ред на наредна седница. Тоа е негово барање. (Реакции во салата).

Господо, има поставено барање, по него ќе се произнесеме.

Што има повеќе да коментираме.

Го ставам предлогот на господинот Харуни, да се гласа, дали да ставиме точка на дневен ред на наредна седница.

Господо, седницата ја водам и дозволете ми да постапам така за што сум јас определен.

Имаме конкретен предлог, предлогот на господинот Харуни го ставам на гласање.

(Пратеници бараат збор процедурално).

Повелете, процедурално господинот Данило Глигоровски бара збор.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Ве молам, господине потпретседателе, процедурално, мојата интервенција е во следното.

Имавме конкретно барање од еден пратеник.

Барањето се однесува на некоја следна седница да се утврди што ќе биде на дневен ред. Вие го поставувате сега тоа на гласање.

Меѓутоа, според Деловникот ние не можеме сега да утврдуваме нешто за натаму. Не е деловнички, потполно не е деловнички сега ние нешто да гласаме за некоја си таму друга седница.

Затоа не можеме да гласаме за тоа.

Ако сака господинот за оваа седница, утре, друг ден кога ќе продолжи заседанието на оваа седница, ако сака за оваа седница, да гласаме во дневниот ред на оваа седница дали да го уврстиме.

Но, на некоја си кој знае која таму седница, како ќе гласаме?

Не може да гласаме воопшто за некоја си таму, кој знае која седница.

Тоа е мојата деловничка интервенција. (Реакции во салата).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Го повикувам пратеникот Сејфедин Харуни да се изјасни дали останува на предлогот што е запишан на оваа седница да се утврди неговата точка да влезе на дневен ред на наредната седница, тоа е неговото барање? (Реакции во салата).

Господо, дозволете ми, да се разбереме, имаме конкретен предлог.

(Пратеникот Александар Флоровски бара збор процедурално).

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ве молам, во име на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, барам денеска да се прекине седницата, утре да се продолжи со работа. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете, господинот Флоровски, ако сака да си оди нека си оди.

(Пратеникот Сејфедин Харуни, бара збор да се произнесе).

Ве молам, ако сакате да работиме, да работиме.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Даден ми е зборот а не можам да се произнесам.

Дозволете ми да се произнесам.

Господине потпретседателе, со ова веќе што стана вашето однесување со седницава, Вие веќе не само што не можете, туку не сте во состојба да водите седница.

Мојот предлог беше дециден, реков дека за денешнава седница по таа Информација што ја бара е доцна. Побарав и бев конкретен.

На една од наредните седници првата наредна седница да се расправа по неа. Господинот Глигоровски тоа што го рече, упатува на тоа дека така би требало да се постапи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Кога ќе дојде на дневен ред, поставете ја.

Вие баравте на оваа седница да се одлучи.

Дали уште некој бара збор за дополнување на дневниот ред?

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Извинете, за ова треба да се изјасни претставникот на Владата.

Барам да се произнесе претставникот на Владата.

Барам на прва наредна седница да се расправа по оваа Информација.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Харуни нема да утврдуваме дневен ред за наредната седница.

Затоа го поставив прашањето дали да или не. (Реакции во салата).

Господине Харуни вашиот предлог ќе биде проследен до Владата.

Дали уште некој друг бара збор?

Има збор господинот пратеник Кирил Андоновски.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Господинот Харуни бараше на наредна седница да се достави информација. Се поставува прашањето дали господинот разликува што треба ние да одлучиме, што треба на оваа седница, а што е барање за информација? Тој го постави прашањето, тоа е регистрирано во стенограмите, ќе биде испратено до Владата и Владата ќе постапи по неговото барање. А, не ние сега, немаме заклучок, немаме ништо, ќе одлучуваме дали на наредната седница барањето на господинот Харуни, ќе му се достави информација.

Мислам дека треба да продолжиме да го утврдиме дневниот ред, вака како што сме тргнале тешко нас. Благодарам.

(Господинот Харуни бара збор процедурално, деловнички, бара реплика).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете, таа точка помина, тој предлог помина и нема да се враќаме назад да го расправаме.

За збор се јави господинот пратеник Илјаз Сабриу.

(Пратеникот Сејфедин Харуни бара реплика).

Има збор господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине потпретседателе, ве молам прекинете ја оваа лакрдија, прекинете ја денеска седницата, да продолжиме утре.

(Реакции во салата, а пратеникот Сејфедин Харуни бара реплика).

Има збор господинот пратеник Илјаз Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Почитуван потпретседателе, јас нај искрено би ве замолил Вас, како претседавач кој денеска ја водите седницата на Собранието и сите пратеници, бидејќи навистина изгубивме цел ден, а уште не утврдивме дневен ред и се расправаме без потреба, смешни сме пред нашите избирачи, предлагам да се прифати предлогот на претходните дискутанти да се прекине денес седницата ди да продолжиме еден друг ден кога ќе се смират страстите, кога ќе бидеме поконцентрирани да го утврдиме дневниот ред за оваа седница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господо, јас на екранот немам друг предлагач.

Останува само да го ставам дневниот ред на гласање.

(Пратеникот Сејфедин Харуни бара реплика).

Бидејќи никој не се јавува за збор, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 84 пратеници, гласале 79, од кои 63 "за", 13 "воздржани", а 3 "против".

Констатирам дека дневниот ред е усвоен така како што е предложен.

Дневниот ред го прочитав и истиот дневен ред е усвоен.

Пратеникот Чедомир Краљевски бара збор процедурално.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, во име на Комисијата за избори и именувања предлагам точката 7 што е на дневен ред - Избор на членови на Советот "Десет дена Крушевска Република" да биде прва точка на дневен ред, со оглед на тоа што постои можност од пролонгирање на траење на седницата, а мандатот на минатите членови на Советот "Десет дена Крушевска Република" е изминат веќе една година.

Во тек е континуирана работа во врска со подготвување на оваа манифестација.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господо пратеници, го ставам на гласање предлогот на пратеникот Краљевски, точката 7 да ја разгледаме како прва точка на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

Гласале 83 пратеници, 74 пратеници "за", "воздржани" 6, а 3 "против".

Констатирам дека е донесена одлуката последната точка да биде прва точка во дневниот ред - Предлог одлука за разрешување и избор на претседател и членови на Советот за научно - културните средби "Десет дена Крушевска Република" ќе се разгледува сега.

Минуваме на точката - Предлог одлука за разрешување и избор на претседател и членови на Советот на научно - културните средби "Десет дена Крушевска Република".

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес. Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 78 пратеници, "за" гласале 73, "воздржани" 2, а "против" 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и избор на претседател и членови на Советот на научно - културните средби "Десет дена Крушевска Република".

Колеги пратеници, сега да ја прекинеме седницата, ќе продолжиме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,40 часот).